Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23 април 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Мики Веланоски од Ѓорче Петров УП2 09-43/26 од 27 јануари 2026 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_39_20260103_2 од 16 јануари 2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_39_20260103_2 од 16 јануари 2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Мики Веланоски од Ѓорче Петров до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-43/26 од 27 јануари 2026 година против Решение за согласност на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. УП1 бр. NCC_39_20260103_2 од 16 јануари 2026 година и Условите за приклучување на дистрибутивна мрежа преку стандарден приклучок со одобрена максимална едновремена моќност на приклучокот до 100kW кои се составен дел на Решението.

Според Електродистрибуција – во моментов има и други баратели на приклучок во близина на барателот (означени на ГИС скицата). Со евентуална доградба на нисконапонскиот кабел NAY2Y-J 4x240 во должина од околу 250 метри и приклучок на тековните баратели, падот на напон би бил поголем од 10%, а оптоварувањето на напојната ТС би било поголемо од 100%.

Согласно постоечките и новопланирани параметри, изготвено е техничко решение со доградба на нова среднонапонска мрежа, изградба на нова трафостаница и нова нисконапонска мрежа на која ќе се приклучат сите баратели во тој конзумен реон.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 24 март 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-43/26 од 27 јануари 2026 година со прилог:

- Одобрение за градење на објект А1 – категорија домување во станбена куќа издадено од Општина Ѓорче Петров

- Мислење за добивање на одобрение за градба издадено од Електродистрибуција
- Имотен лист бр.22356 КО Кучково за КП 772/2 во сопственост на барателот
- Приговараното Решение
- Анекс-пресметка на трошоци – Прилог на приговараното решение
- Извод од УПС за с. Кучково, Ѓорче Петров за КП бр.772/2 КО Кучково
- Имотен лист бр.22460 КО Кучково за КП 772/3 во сопственост на Томе Веланоски

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 9 февруари 2026 година со прилог:

- Спецификации на трошоци
- Слика од барањето за согласност за приклучување
- GIS скици
- Извештај за оптоварување на трафостаница

На седницата се заклучи Приговорот повторно да се разгледува на седница на Комисијата за приговори, при што на 7 април 2026 година Приговорот повторно беше разгледуван.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Не постојат технички услови за приклучок на барателот од постојната електроенергетска мрежа и износот на надоместокот и другите услови на приклучување во Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_39_20260103_2 од 16 јануари 2026 година се соодветно утврдени.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–43/26**
**23 април 2026 година**

**Претседател**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Ацо Ристов**